У-5.бр.691/2021
У-5.бр.689/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД постапувајќи преку судијата Ељмедине Асани како судија поединец, со записничар Јован Трпевски - раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата и Предлогот за времена мерка на тужителот РАЦИО ГРУП ДООЕЛ – Куманово, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-371/11 од 15.04.2021 година, за избор на најповолна понуда, на одржаната усна јавна расправа во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Златка Денковска од Скопје, полномошникот на тужениот орган Зоран Трајановски од Скопје и во отсуство на заинтересираното лице уредно поканет, за избор на најповолна понуда, на 24.06.2021 година донесе, а на 01.07.2021 година ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот РАЦИО ГРУП ДООЕЛ - Куманово, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-371/11 од 15.04.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е
- за времена мерка -

Предлогот на тужителот РАЦИО ГРУП ДООЕЛ - Куманово, за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-371/11 од 15.04.2021 година и на склучениот Договор за јавна набавка на услуги помеѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач заведен под бр.03-246/14 од 19.04.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

III

Барањето на тужителот за надомест на управно – судските трошоци, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.09-371/11 од 15.04.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот РАЦИО ГРУП ДООЕЛ – Куманово изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-246/8 од 19.03.2021 година, донесена по Огласот за јавна набавка од мала вредност бр.03379/2021 за набавка на услуги – процена на вредноста на недвижен имот на договорниот орган Општина Валандово, со која одлука бил извршен избор на најповолен понудувач.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-371/11 од 15.04.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата и на одржаната јавна расправа наведе дека во конкретниот случај договорниот орган неосновано при евалуацијата на понудите, сите ставки во рамки на еден дел, ги земал во предвид како една целина, а не одделно согласно членот 78 став 6 од Законот за јавните набавки. Ова од причина што согласно објавената техничка понуда во Тендерската документација, предметот на набавката се состоел од 9 типа на производи кои биле поделени во подгрупи, така што не станува збор за еден производ како што тврдел тужениот орган, бидејќи недвижен имот како термин е широк и опфаќа различни категории на недвижности согласно Правилникот за премер и обработка на податоците од премерот („Службен весник на РМ“ бр.28 од 04.03.2011 година). Дополни и дека од избраниот понудувач била понудена невообичаено ниска цена за која договорниот орган бил должен согласно членот 110 од Законот за јавните набавки, да побара од понудувачот појаснување за цената. Кон тужбата предложи Судот да донесе решение со кое ќе го одложи извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-371/11 од 15.04.2021 година, склучување и потпишување на договор за јавни набавки по огласот бр.03379/2021 година за доделување на Договор за јавна набавка на услуги со предмет: Набавка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка за процена на недвижен имот со понудувачот Трговец Поединец за вештачење и процена Др Атанас Џуровски Ресен, согласно одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-246/8 од 19.03.2021 година и одлагање од извршување на склучениот Договор за јавна набавка на услуги помеѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач под бр.03-246/14 од 19.04.2021 година на Општина Валандово, заведено под У-5.бр.689/2021. Како причина за поднесување на Предлогот за определување на времена мерка наведе дека доколку се пристапи кон реализирање на веќе склучениот Договор за јавна набавка на услуги Процена на вредноста на недвижен имот, заведен под број 03-246/14 од 19.04.2021 година на Општина Валандово, ќе им се нанесе ненадоместлива штета штета на тужителот и на Општина Валандово со оглед дека јавната набавка е со вредност 450.000,00 денари.

Во одговор на тужбата, одговор на предлогот за времена мерка и на одржаната јавна расправа тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, констатирајќи дека избраниот понудувач доставил понуда согласно барањата наведени во Тендерската документација.

Економскиот оператор т.е. заинтересирано лице во својство на избран понудувач ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, во својот одговор на тужба, по однос на понудената цена наведе дека истата не е невообичаено ниска, бидејќи не е 20% пониска од следната повисока понуда, ниту пак 50% пониска од просечно добиената цена за да биде применет членот 110 од Законот за јавните набавки.

Јавната расправа закажана за 24.06.2021 година се одржа во присуство на олномошникот на тужителот и на полномошникот на тужениот, и во отсуство на заинтересирано лице уредно поканет, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-371/11 од 15.04.2021 година, Одговор на тужба од заинтересирано лице во својство на избран понудувач ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен примен во Судот на 26.05.2021 година, Поднесок од ова заинтересирано лице примен во Судот на 02.06.2021 година, списите по предметот од извршениот увид во електронскиот систем за јавни набавки од Бирото за јавни набавки на РСМ, Одговор на тужба бр.09-371/15 од 21.05.2021 година примен во судот на 25.05.2021 година и одговор на предлог за издавање на времена мерка примен во Судот на 19.05.2021 година.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата одговорот на тужба од заинтересираното лице и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Општина Валандово спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка од мала вредност бр.03379/2021 за набавка на услуги – процена на вредноста на недвижен имот, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 03.03.2021 година. Постапката била неделива и била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда како најдобар соодност меѓу цена (85 бодови) и квалитет (15 бодови) на услугите – предмет на набавката и ќе заврши без спроведување на Е-аукција, а од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 10.03.2021 година пристигнале вкупно 6 (шест) понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите од 10.03.2021 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, како и по извршената евалуација на понудите, врз основа на Извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-246/8 од 19.03.2021 година.

Против оваа одлука, економскиот оператор РАЦИО ГРУП ДООЕЛ – Куманово поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-371/11 од 15.04.2021 година ја одбила како неоснована, со образложение дека договорниот орган пристигнатите понуди ги евалуирал согласно условите и критериумите предвидени во Тендерската документација и техничките спецификации како нејзин дел, додека избраниот понудувач доставил понуда согласно барањата наведени во Тендерската документација, кои согласно дадената напомена според која „понудувачите при формирање на својата цена треба да се раководат согласно важечките законски норми и Правилникот за начинот за пресметување на наградата за извршена работа и надоместокот за реално направените трошоци за вршење на процена на недвижен имот бр.01-6571 од 10.07.2013 година. Исто така, а во прилог на горе наведеното, тужениот орган констатирал дека договорниот орган правилно во овој случај не го применил членот 110 од Законот за јавните набавки, од причина што јавната набавка не ја спровел како делива, туку истат е спроведена согласно членот 78 став 6 од наведенито закон, односно во услови кога предметот на набавката е составен од повеќе ставки во рамките на еден дел, договорниот орган не смее делот да го оформи на начин кој неоправдано ќе ја ограничи конкуренцијата на само еден економски оператор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 48 став 1 и став 2 точка 2 в.в. став 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), договорниот орган може да врши набавки од мала вредност на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра во денарска противвредност и на работи до 20.000 евра во денарска противвредност преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на ЕСЈН за набавки на стандардни стоки и услуги, во кој случај ја избира понудата со најниска цена која е во согласност со барањата и условите од краткиот опис на предметот на набавката.

Согласно членот 78 став 6 од Законот за јавните набавки, доколку предметот на набавка е составен од повеќе ставки во рамките на еден дел, договорниот орган не смее делот да го оформи на начин кој неоправдано ќе ја ограничи конкуренцијата на само еден економски оператор без оглед дали предметот на договорот е оформен во еден или во повеќе делови.

Согласно членот 99 став 4 од Законот за јавните набавки, доколку цената на одредена стока или надоместокот за одредена услуга е пропишан со закон или друг пропис, договорниот орган нема да ја користи цената како критериум за избор на најповолна понуда во постапката за јавна набавка.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на економскиот оператор РАЦИО ГРУП ДООЕЛ – Куманово, со образложение дека конкретната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно Законот за јавните набавки.

Горе наведеното како резултат на фактот што имајќи го предвид видот на постапката за избор на најповолна понуда и содржината на Тендерската документација, како и одредбите за спроведување на постапката, Судот смета дека во конкретниот случај се работи за набавка од мала вредност каде како критериум за избор на најповолна понуда е економски најповолната понуда како најдобар сооднос меѓу цена и квалитет на услугите – предмет на набавката, сепак во овој случај цената на конкретниот предмет на набавката (услуги за процена на движен и недвижен имот) е пропишана со посебни подзаконски акти во кој случај договорниот орган неможе да ја користи цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда (како што е во конкретниот случај), туку во склоп на останати критериуми како дел од економски најповолната понуда. Имајќи го предвид ова, како и фактот што избраниот понудувач ги оформил цените на услугите согласно Правилникот за начинот за пресметување на наградата за извршена работа и надоместокот за реално направените трошоци за вршење на процена на недвижен имот бр.01-6571 од 10.07.2013 година, а кои услуги како предмет на набавка биле оформени во техничките спецификации како дел од Тендерската документација согласно членот 78 став 6 од Законот за јавните набавки, односно предметот на набавката иако се состоел од повеќе ставки во рамки на еден дел, бил оформен како неделив, додека пак цената на услугата на одредена ставка била дадена согласно правилата во цитираниот Правилник, поради што и немало потреба договорниот орган да го применува членот 110 од Законот за јавните набавки по однос на невообичаено ниска цена.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно констатирал дека конкретната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно Законот за јавните набавки, односно предметот на набавката бил правилно оформен согласно членот 78 став 6 од Законот за јавните набавки, а евалуацијата на понудите, како и изборот на најповолна понуда биле спроведени согласно дадените услови и критериуми во Тендерската документација и позитивната законска и подзаконска регулатива од конкретната област.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во образложението на оваа одлука.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Што се однесува за посебното барање на тужителот, Судот одлучи како во изреката од решението согласно член 29 ставови 1, 4 и 5 од Законот за управните спорови, од причина што истото е неосновано, поради фактот што тужбата е одбиена и оспореното решение е потврдено, а со тоа и конечно, имајќи ги предвид одредбите од членот 160 став 4 в.в. член 167 став 7 од Законот за јавните набавки, како и фактот што договорниот орган веќе постапил по Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-246/8 од 19.03.2021 година и со избраниот понудувач бил склучен Договор бр.03-246/14 од 19.04.2021 година, согласно објавените услови и критериуми од Тендерската документација, поради што имајќи го предвид фактот што конкретната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно Законот за јавните набавки, се констатираше и дека не се исполнети кумулативно условите од членот 29 став 5 од Законот за управни спорови за донесување на решение за времена мерка.

Согласно наведеното, Судот во поглед на посебното барање кон тужбата, одлучи како во изреката од решението, а согласно член 29 ставови 1 и 2 од Законот за управни спорови.

Судот одлучи како во изреката од решението, односно барањето за надомест на трошоците во управно – судската постапка на тужителот го одби како неосновано, согласно членот 86 од Законот за управни спорови, имајќи го предвид резултатот од постапката.

Пресудено во Управниот суд на 24.06.2021 година под У-5.бр.691/2021 и У-5.бр.689/2021

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Судија
Ељмедине Асани

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител - преку полномошник
- тужен орган
- заинтересирано лице

Судија
Ељмедине Асани

СЛ/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
1